Република Македонија започна активно да работи на институционализацијата на заштитата на потрошувашите кон крајот на 90-тие години на минати-от век, што резултираше со донесувањето на првиот закон за заштита на потрошувачите во 2000-та година и со крирање на првата конзистентна национална политика во 2006 година, донесувалќи ја првата Програма за заштита на потрошувачите на Владата на РМ за периодот 2007/2008 годи-на. Во меѓувреме реализирана е уште една национална програма за 2007/ 2008, а во тек е изготвувањето и на третата програма која по периодот, 2011/2012, кореспондира со оваа програма.

Потребата од креирање на локални потрошувачки политики базира првенствено на процесот на децентрализација, кој во процесот на превземање (трансфер) на надлежности од централната на локалната власт, зафати по-драчја кои се од исклучително значење за процесот на заштита на потро-шувачите како образованието, здравството, локалните пазари, социјалата и сл., кои заедно со комуналните услуги кои традиционално се даваат на ло-кално ниво, претставуваат значителен корпус на прашања од интерес за граѓаните – потрошувачи.

Со донесувањето на оваа Програма, Советот на Општина Охрид дава свој придонес во остварувањето на таканаречените осум основни пот-рошувачки права на граѓаните и тоа:

1. Право на задоволување (расположивост) на основните потреби за стоки и услуги на територијата на Општината;
2. Право на безбедни стоки и услуги кои се нудат на пазарот;
3. Право на информираност за прашања од интерес за потрошувачите;
4. Остварување на правото на избор, преку развој на малопродажната мрежа на стоки и услуги на територијата на Општината;
5. Право (можност) да се чуе гласот на потрошувачите;
6. Право на обештетување на потрошувачите кога нивните економски интереси се загрозени;
7. Право на образование на потрошувачите и
8. Право на здрава животна средина.

Со оваа Програма, се задолжуваат сите органи, тела, установи и други организации и институции кои делуваат на територијата на Општина Охрид во извршувањето на нивната дејност да ги почитуваат аспектите на заштитата на потрошувачите утврдени со правната рамка, Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија и оваа Програма.

## II. ПРАВНА РАМКА

Анализата на правната рамка во доменот на заштитата на потрошувачите покажува дека во најголема мерка регулативата на Европската унија е транспонирана македонското законодавство. Така, во овој момент во правниот систем на Република Македонија се во важност следните закони кои дире-ктно регулираат подрачја од интерес за заштитата на потрошувачите:

- Закон за заштита на потрошувачите;
- Закон за безбедност на производите;
- Закон за безбедност на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната;
- Закон за заштита на потрошувачите при потрошувачки кредити;
- Закон за права на пациентите.

Покрај овие, би можело да се каже претежно чисто потрошувачки закони, со оглед на мултидимензионалноста на заштитата на потрошувачите одредби од интерес за овој домен можат да се најдат и во цел низ на други закони и подзаконски акти, како на пример во Законот за облигационите односи, Законот за туристичка дејност, Законот за угостителска дејност, Законот за зрдавствено осигурување, Законот за здравствена заштита, Законот за ле-кови, Законот за заштита на конкуренцијата, Законот за електронски кому-никации, Законот за домување и сл..

Ваквата комплексна состојба во значителна мерка се одрази и во определу-вањето на активностите плаанирани за периодот опфатен со програмата, со цел да оваа легислатива на што е можно поадекватен начин да се при-ближи на граѓаните преку нивно информирање и едукација.

## III. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на Програмата за заштита на потрошувачите е сензибилизи-рање на јавноста за заштитата на потрошувачите и подигање на нивото на заштитата на потрошувачите во Општина Охрид во наредните две години.

## IV. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2012 година во рамките на оваа Програ-ма ќе бидат реализирани следните активности:

- Јакнење на институционаолната рамка и воспоставување соработка и координација помегу субјектите релевантни за заштита на потрошувачите, со посебен акцент на државните инспекцис-ки органи за спроведување на пазарниот надзор (континуира-но);

- Активности за следење на состојбите на локалниот пазар од интерес за потрошувачите и нивно информирање (континуирано);
- Подигање на свеста на потрошувачите по однос на нивните права и улогата во пазарната еконоија (континуирано);
- Информирање на јавноста за измените на Законот за заштита на потрошувачите (2011 година);
- Информирање на јавноста за обврските кои произлегуваат од Законот за домување (2011 година);
- Едукација на членовите на Советот за заштита на потрошува-чите во доменот на потрошувачкото право (2011 година);
- Едукација на членовите на Советот за заштита на потрошува-чите во доменот на потрошувачките политики (2011 година);
- Пригодно одбележување на 15-ти март, светскиот ден на потрошувачите (во двете опфатени години);
- Кампања за популаризација на правата на потрошувачите утврдени со Законот за права на пациентите (2012 година);
- Кампања за популаризација на правата на потрошувачите од Законот за потрошувачки кредити (2012 година);
- Информирање на граѓаните за новините во законот за градба (2012 година);
- Организирање на воспитно отворени образовни активности и отворени часови за различни аспекти на заштитата на потрошувачите во училиштата на територијата на Општината (во обете опфатени школски години);
- Соработка со Советот за заштита на потрошувачите на Влада-та на Република Македонија и координирање на активностите (континуирано);
- Унапредување на знаењата во поглед на хигиенските стандарди на угостителите во општина Охрид
- Анализа на услугите на кабелските оператори кои работаат во реонот на општина Охрид.

Во периодот на имплементација на оваа Програма, Советот за заштита на потрошувачите ќе работи и на други активности, доколку тоа го налага актуелниот момент, односно потреби.

## V. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Во имплеметацијата на Програмата ќе се вклучат сите општински служби, јавни установи, јавното/ите претпријатие/ија, потрошувачки и сродни невла-дини организации, инспекциските органи кои делуваат во Општината, во ра-мките на нивните надлежности и мисија.

Во периодот опфатен со Програмата Советот за заштита на потрошувачите на општината тесно ќе соработува и ќе ги координира активностите со Со-ветот за заштита на потрошувачи на Владата на Република Македонија и со Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Во процесот на имплементација на Програмата за заштита на потрошува- чите, Советот за заштита на потрошуваќите ќе остварува најтесна можна соработка со локалните медиуми со цел да се информира и сензибилизира јавноста за Програмата и активностите кои се превземаат.

Имплементацијата на оваа Програма ќе ја следи Советот за заштита на потрошувачи на општината. Претседателот на Советот за процесот на реали-зација на Програмата тековно ќе го информира градоначалникот и претсе-дателот на Советот на општината, а во текот на декември од секоја тековна година ќе поднесува и годишен извештај пред Советот на општината.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на оваа програма ќе се врши со средства од Буџетот на Општината, од донации и спонзорства, како и од вклучување на Општината во проекти од овој домен финансирани од претпристапните фондови на ЕУ и од други донатори.

Потребни средства за реализирање на активностите по Програмата за 2011 година изнесуваат 110.000,00 денари;

Потребни средства за реализирање на активностите по Програмата за 2012 година изнесуваат 150.000,00 денари.

**Број 07-2441/30-1**
**30.09.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за организирање на режимот на сообраќајот на дел од територијата на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.09.2010 год.

**Број 08-2441/ 31**
**30.09.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид (“Сл.гласник на Општина Охрид“ бр.08/07) и член 6 Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата ( Сл.весник на РМ“ број 54/2007), Советот на Општина Охрид на Седницата одржана на ден 30.09.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира режимот на сообраќај на дел од територијата на Општина Охрид.

**Член 2**

За еднонасочни улици се определуваат:

- улицата “Крум Точко“ од Горна Порта до пресекот на оваа улица со улицата „Гоце Делчев“ кај месноста Амбуланта „Воска“,
- улицата “Гоце Делчев“ од пресекот на оваа улица со улицата “Абас Емин“ во насока према Струга па се до пресекот со улицата “Стив Наумов“,
- улицата “Стив Наумов“ од пресекот на оваа улица со улицата “Гоце Делчев“ во насока према улица “Пере Тошев“ до пресекот со улица “Пере Тошев“,
- улица “Булевар Македонски Просветители“ и тоа од пресекот на оваа улица со улицата “Димитар Влахов“ во насока према езеро до пресекот со улицата “Партизанска“,
- улицата „К.М. Тито“ од пресекот со кружниот тек на сообраќај до пресекот со ул.„АСНОМ“.
- улицата „Д.Влахов“ од пресекот на оваа улица со ул.„Ј.Сандански“ во насока према улицата „Булевар Македонски Просветители“ до пресекот со ул.„Булевар Македонски Просветители“,
- улицата „Партизанска“ од пресекот на оваа улица со ул.„Бул. Македонски Просветители“ во насока према ул.„Јане Сандански“ до пресекот со ул.„Јане Сандански“,
- улицата „Даме Груев“ од пресекот на оваа улица со ул„Булевар Македонски Просветители“ во насока према ул.„Бул.Туристичка“ до пресекот со ул.„Бул.Туристичка“,
- улицата „Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска“ во насока према ул.„Д.Влахов“ се до пресекот со ул.„Д.Влахов“,
- улицата „Серафим Китаноски“ од пресекот со ул.„Партизанска“ во насока према ул.„Д.Влахов“ па се до пресекот со ул.„Д.Влахов“.
- улицата „Кузман Јосифоски-Питу“ од пресекот со ул.„Д.Влахов“ во насока према ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„Партизанска“,
- улицата „Цар Самоил“ од пресекот со ул„Коста Абраш“ до ресторанот Св.Софија во насока према црквата Св.Софија,
- улицата „Коста Абраш“ од пресекот со ул.„Цар Самоил“ во насока према кружен тек на сообраќај па се до хотелот „Александрија“.

**Член 3**

Сообраќајот на дел од ул.„Партизанска“ и тоа со ул.„Ванчо Николески„ па се до пресекот со ул.„Ј.Сандански“ ќе се одвива во три сообраќајни ленти од кои левата сообраќајна лента ќе ја користат возилата кои на раскрсницата со ул.„Ј.Сандански“ ќе свртуваат во лево, средната сообраќајна лента ќе ја користат возилата кои на раскрсницата со ул.„Јане Сандански“ движењето ќе го продолжат право према ул.„АСНОМ“ додека деснатда сообраќајна лента ќе ја користат возилата кои на раскрсницатра со ул.„Ј.Сандански“ ќе свртуваат во десно во насока према езеро.

На ул.„К.Јосифоски-Питу“ и тоа во делот каде што ќе се одвива еднонасочен сообраќај согласно чл.2-13 од оваа одлука, паркирањето ќе е под аголот од 60 степени и тоа од десната страна гледано во насока на движење.

На дел од ул.„Ј.Сандански“ и тоа од пресекот на оваа улица со улицата „Партизанска“ па до пресекот со ул.„Кеј Маршал Тито“ паркирањето ќе е надолжно од десната страна.

На дел од ул.„Партизанска“ и тоа од пресекот на оваа улица со ул.„Ј.Сандански“ па се до пресекот со ул.„АСНОМ“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна гледано во насока према ул.„АСНОМ“ .

На дел од ул.„АСНОМ“ и тоа од пресекот со ул.„Бул.Туристичка“ па се до пресекот со ул.„К.М.Тито“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна гледано во насока према ул.„К.М.Тито“.

На улиците „Кирил и Методи“, „Илинденска“, „Коста Абраш“ и „Цар Самоил“ се забранува паркирање од двете страни по целата должина на улиците.

На ул.„Г.Делчев„ по цела должина се забранува запирање и паркирање од двете страни.

**Член 4**

Како паркинг простори каде паркирањето ќе се врши со наплата се определуваат:

- Дел од ул.„К.Јосифоски – Питу“ и тоа од пресекот со ул.„Партизанска“ па се до пресекот со ул.„К.М.Тито“ како и паркинг просторот во државна сопственост што се наоѓа позади НУ Центар за култура „Григор Прличев“-Охрид / затворен паркинг простор со рампа.
- Дел од ул.„Булевар Туристичка“ и тоа од двете страни кај Градскиот пазар како и делот од пресекот на оваа улица со ул.„Бул.Македонски Просвеетители“ па се до пресекот со ул.„Даме Груев“.
- Дел од ул.„Бул.М.Просветители“ од пресекот со ул.„Бул.Туристичка“ до пресекот со ул.„Коста Абраш“ и тоа од левата страна како и кружниот тек на сообраќај / овој паркинг простор ќе функционира со влезни и излезни рампи во склоп заедно со паркингот на ул.„К.М.Тито“ со влезно-излезни терминали на почетокот после пресекот со ул.„Партизанска“, влезно-излезен терминал на почетокот од ул.„К.Абраш“ кај Капетанија и излезен терминал на ул.„К.М.Тито“.
- Улицата „Д.Влахов“ по целата должина од левата страна / на оваа улица согласно нејзините габарити паркирањето може да се врши надолжно.
- Улицата „Партизанска“ по цела нејзина должина.
- Дел од ул.„К.Ј.-Питу“ од пресекот со ул.„Д.Влахов“ до пресекот со ул.„Партизанска“.
- Дел од ул.„„Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„Д.Влахов“.

- Дел од ул.„Ванчо Николески„ од пресекот со ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„К.М.Тито“ заедно со паркинг просторот од хотел „Палас“./ затворен паркинг простор со рампа.

- Дел од ул.„Јане Сандански“ од пресекот со ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„К.М.Тито“ од десната страна на улицата.

- Дел од ул.„К.М.Тито“ од пресекот со кружниот тек на сообраќај до пресекот со ул.„Јане Сандански“ / овој паркинг ќе функционира како затворен паркинг со рампа во склоп на паркинг просторот со ул.„Булевар М.Просветители“.

- Дел од ул.„К.М.Тито“ од пресекот со ул.„Ј.Сандански“ до пресекот со ул.„АСНОМ“ од десната страна.

- Дел од Полиготнот за мали спортови.

- Паркинг просторот пред Горна Порта од десната страна / затворен паркинг простор со рампа.

- Паркинг просторот покрај старата стоковна куќа Чинар од пресекот со ул.„Бул.Мак.Просветители“ до Плоштад „Чинар“ / затворен паркинг простор со рампа.

- Паркинг просторот позади Градски пазар со влез и излез од ул.„Абас Емнин“ / затворен простор со рампа.

**Член 5**

Снабдувњето на објектите да се врши во времето од 05.00 часот до 10.00 часот во кое време заради снабдување на објектите ќе можат да се движат товарни моторни возила чија што вкупна тежина не надминува 5 тони.

Улицата „Св.Кл.имент Охридски„ / Чаршијата, / Плоштадот „Крушевска Република“/ Чинар,/ ул.„Г.Делчев“/ Стара Чаршија/ се забрануваат за сообраќај преку целата година.

**Член 6**

На улиците „Димитар Влахов“ од насока од ул.„Јане Сандански“, ул.„Бул.Мак.Просветители„ од пресекот со ул.„Туристичка“ и ул.„Гоце Делчев“ од пресекот со ул.„АбасЕмин“ до пресекот со ул.„Стив Наумов“ од десната страна се формираат велосипедски патеки за движење на велосипедисти.

**Член 7**

Се врши дислокација на Такси постројката на ул.„Г:Делчев“ моментално лоцирана на десната страна и прелокација на истата на левата страна надвор од коловозот на просторот кој моментално се користи како дополнителна лента за искачување.

**Член 8**

Автобускиот сообраќај кој се одвива по ул.„Г.Делчев“ кон центарот на градот да се пренасочи по ул.„Бистрица“ кон ул.„Бул. Туристичка“. Автобусите кои сообраќаат во насока према Струга да се движат по ул.„Бул.Туристичка“, Надвозник и Магистралниот патен правец (М5), а кај с.Подмоље да се приклучуваат на стариот пат за Струга односно Регионалниот патен правец (Р420). По дел од ул.„Абас Емин“ и целата должина на ул.„Гоце Делчев“ да сообраќаат само комби возила.

**Член 9**

Сите товарни моторни возила кои се движат по стариот пат од насока на Струга на влезот во Охрид да се пренасочат по обиколниот пат „Распаќе“ и се приклучат на ул.„Булевар Туристичка“.

**Член 10**

На останатите улици и деловите од улиците сообраќајот ќе се одвива по постојниот режим.

**Член 11**

Надлежните служби на Локалната самоуправа да извршат усогласување на хоризонталната и вертикалната сигнализација согласно ллпредложениот режим и интензитет на сообраќај.

Составен дел на оваа одлука се двата приложени графички прикази.

**Член 12**

Со оваа Одлука престанува да важи одлуката за регулирање на режимот на сообраќај во ЦГП број 07-12577/12 од 27.05.2010 година.

**Член 13**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“

**Број 07-2441/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.09.2010 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Г.П 7.43 НА К.П. 17075 ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 УРБАН БЛОК 2.4**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација за г.п. 7.43 на к.п. 17075 во Урбана заедница 2 Урбан блок 2.4, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/32** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08) , член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ. бр.91/09) , и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 7.43 НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА 17075 ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 УРБАН БЛОК 2.4**

**Член 1**

Се утврдува потребата од изработување на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела 7.43 на катастарска парцела 17075 во Урбана заедница 2 Урбан блок 2.4.

**Член 2**

Се донесува локална урбанистичка планска документација за градежна парцела 7.43 на катастарска парцела 17075 во Урбана заедница 2 Урбан блок 2.4.

**Член 3**

Просторот на опфат по локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела 7.43 на катастарска парцела 17075 во Урбана заедница 2 Урбан блок 2.4 е опфат на границите на катастарската парцела.

**Член 4**

Локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела 7.43 на катастарска парцела 17075 во Урбана заедница 2 Урбан блок 2.4. со тех.бр 30/2010 изработена од УРБАН ОХРИД содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички приказ;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 5**

Локалната урбанистичка планска документација градежна парцела 7.43 на катастарска парцела 17075 во Урбана заедница 2 Урбан блок 2.4., се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид .

**Член 6**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр. 07-1726/38 од 19.07.2010 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-2441/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ “ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување член во Надзорниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/ 33** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП„ ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ “ ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува членот во Надзорниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец “ Охрид**:**

1.КАТЕРИНА ЈАНЧЕСКА

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2441/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ “ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување член во Надзорниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/34** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „ ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ “ ОХРИД**

**Член 1**

Се именува член во Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец “ Охрид**:**

**ДУШКО ГЕОРГИЕСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2441/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески , с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ “ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување член во Управниот одбор на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/ 35**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ**

**Член 1**

**СЕ РАЗРЕШУВА** членот на Управниот одбор на Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори **:**

1. **САШО ВЕЛЈАНОСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2441/35**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ “ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување член во Управниот одбор на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/36**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

**Член 1**

За член во Управниот одбор на Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори **СЕ ИМЕНУВА :**

2. **БОГОЈА МАРКОСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2441/36**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ “ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување член во Надзорниот одбор на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/ 37**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2009 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

**Член 1**

Се разрешува членот на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори :

1. **ТАТЈАНА ДАМЈАНОСКА**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2441/37**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ “ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување член во Надзорниот одбор на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/38**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ**

**Член 1**

За член во Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори **СЕ ИМЕНУВА:**

1. **АЛЕКСАНДРА ТРАЈАНОСКА**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2441/ 38**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЈП „ПРОАКВА“ -СТРУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување член во Управниот одбор на МЈП„ Проаква“ Струга, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/ 39**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЈП „ ПРОАКВА “ СТРУГА**

**Член 1**

Се разрешува членот од Управниот одбор на МЈП „ Прокава “ Струга :

**1. НИКОЛА ПРОЈКОСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2441/ 39** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЈП „ПРОАКВА“-СТРУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување член во Управниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/40** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** — **Градоначалник,**
**О х р и д** — **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа

(„Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР**
**НА МЈП „ ПРОАКВА “ СТРУГА**

**Член 1**

Се именува член во Управниот одбор на МЈП „ Прокава “ Струга :

**1. МАРЈАН ТАСЕСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2441/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување член во Управниот одбор на Јавното претпријатие „Охридски Комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/41** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ “ ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешуваат членовите од Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец “ Охрид**:**

**1.МИТЕ КОСТЕСКИ**
**2. ЗОРАН ПОПОСКИ**
**3.ВЕЛИЧЕ МАРКОСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2441/41**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„- ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување членови во Управниот одбор на Јавното претпријатие „Охридски Комуналец„-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 год.

**Број 08-2441/42**
**13.10.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.10.2010 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ “ ОХРИД**

**Член 1**

За членови во Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец “ Охрид **СЕ ИМЕНУВААТ:**

**1. ВИОЛЕТА ЈАНЧЕСКА**
**2. БИЉАНА ПАУНКОСКА**
**3.ЛИЛЈАНА ДИМОСКА**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2441/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.10.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески ,с.р.**

**И С П Р А В К А**

1.Се врши исправка во Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација за Урбана Заедница 12 Урбан Блок 12.3 на градежна парцела 7.22-МЗ „Гоце Делчев“ – дел, од 01.06.2010 год. објавена во „Службен гласник на општина Охрид “ број 6 од 04 .06.2010 год.

Во насловот и текстот на одлуката каде што стои „ урбан блок 12.3“ треба да стои „ урбан блок 12.2“

**Број 07- 1257/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**01.06.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

2. Се врши исправка на Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација за Урбана Заедница 12 Урбан Блок 12.3 на градежна парцела 7.29-МЗ „Гоце Делчев“ – дел, од 01.06.2010 год. објавена во „Службен гласник на општина Охрид “ број 6 од 04 .06.2010 год.

Во насловот и текстот на одлуката каде што стои „урбан блок 12.3“ треба да стои „ урбан блок 12.2 “.

Во член 4 став 1 од Одлуката каде што стои : „ тех.бр. 179/10/09“ треба да стои „ тех.бр. 179/12/09“

**Број 07- 1257/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**01.06.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

3. Се врши исправка на Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација за Урбана Заедница 12 Урбан Блок 12.3 на градежна парцела 7.16 - МЗ „Гоце Делчев“ - дел , од 01.06.2010 год. објавена во „Службен гласник на општина Охрид “ број 6 од 04.06.2010 год.

Во насловот и текстот на одлуката каде што стои „урбан блок 12.3“ треба да стои „ урбан блок 12.2 “.

**Број 07- 1257/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**01.06.2010 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлуката | страна |
|---|---|---|
| 1. | Заклучок за престанок на мандат на член на Совет. | 2 |
| 2. | Заклучок за верификација на мандат на член на Совет. | 3 |
| 3. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „ Живко Чинго “ с. Велгошти за учебната 2009/2010 год. | 3 |
| 4. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОМУ „ Методи Патче“ Охрид за учебната 2009/2010 год. | 4 |
| 5. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „Братство Единство“ Охрид за учебната 2009/2010 год. | 5 |
| 6. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид за учебната 2009/2010 год. | 6 |
| 7. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „Ванчо Николески“ Лескоец за учебната 2009/2010 год. | 7 |
| 8. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „ Наум Охридски“ Пештани за учебната 2009/2010 год . | 8 |
| 9. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „Григор Прличев“ Охрид за учебната 2009/2010 год. | 9 |
| 10. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „ Христо Узунов“ Охрид за учебната 2009/2010 год. | 10 |
| 11. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „ Св.Климент Охридски“ Охрид за учебната 2009/2010 год. | 11 |
| 12. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ЕМУЦ „ Св. Наум Охридски “ Охрид за учебната 2009/2010 год. | 12 |
| 13. | Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОСУ „Св. Климент Охридски“ Охрид за учебната 2009/2010 год. | 13 |

| | | |
|---|---|---|
| **14.** | **Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУТУ „Ванчо Питошески“ Охрид за учебната 2009/2010 год.** | **14** |
| **15.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Христо Узунов“ Охрид за учебната 2010/2011 год .** | **15** |
| **16.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Св. Климент Охридски“ Охрид за учебната 2010/2011 год .** | **16** |
| **17.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „Живко Чинго “ с. Велгошти за учебната 2010/2011 год .** | **17** |
| **18.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОМУ „ Методи Патче“ Охрид за учебната 2010/2011 год** | **18** |
| **19.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Григор Прличев“ Охрид за учебната 2010/2011 год .** | **18** |
| **20.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид за учебната 2010/2011 год .** | **19** |
| **21.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Ванчо Николески“ с. Лескоец за учебната 2010/2011 год .** | **20** |
| **22.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „Св.Наум Охридски“ Пештани за учебната 2010/2011 год .** | **21** |
| **23.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Братство Единство“ Охрид за учебната 2010/2011 год .** | **22** |
| **24.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ Охрид за учебната 2010/2011 од .** | **23** |
| **25.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОСУ „Св. Климент Охридски“ Охрид за учебната 2010/2011 год .** | **24** |
| **26.** | **Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУТУ „ Ванчо Питошески“ Охрид за учебната 2010/2011 год .** | **25** |
| **27.** | **Одлука за усвојување на извештајот за работата на Одделението за инспекциски надзор Инспекторат** | **26** |
| **28.** | **Одлука за усвојување на Програмата за заштита на потрошувачите на општина Охрид за период 2011 - 2012 година .** | **27** |
| **29.** | **Одлука за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид** | **32** |
| **30.** | **Одлука за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска** | **36** |

| | | |
|---|---|---|
| | **документација за г.п 7.43 на к.п 17075 во Урбана заедница 2 Урбан блок 2.4** | |
| **31.** | **Одлука за разрешување член во Надзорниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид** | **37** |
| **32.** | **Одлука за именување член во Надзорниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид.** | **38** |
| **33.** | **Одлука за разрешување член во Управниот одбор на ЈП „ Билјанини Извори “ Охрид** | **39** |
| **34.** | **Одлука за именување член во Управниот одбор на ЈП „ Билјанини Извори “ Охрид** | **40** |
| **35.** | **Одлука за разрешување член во Надзорниот одбор на ЈП „Билјанини Извори “ Охрид.** | **41** |
| **36.** | **Одлука за именување член во Надзорниот одбор на ЈП „ Билјанини Извори “ Охрид** | **42** |
| **37.** | **Одлука за разрешување член во Управниот одбор на МЈП „Проаква “ Струга** | **43** |
| **38.** | **Одлука за именување член во Управниот одбор на МЈП „Проаква “ Струга** | **44** |
| **39.** | **Одлука за разрешување членови во Управниот одбор на Јавното претпријатие „Охридски Комуналец“Охрид** | **45** |
| **40.** | **Одлука за именување членови во Управниот одбор на Јавното претпријатие „Охридски Комуналец“Охрид** | **46** |
| **41.** | **Исправка** | **47** |